# THE LINE BETWEEN THE LIFE AND DEATH IN THE MACEDONIAN TRADITION AND IN THE PROSE OF MITKO MADZHUNKOV

**Slavica Urumova – Markovska**
Institute of National History, Skopje, Macedonia, slavicaurumovamarkovska@yahoo.com

**Abstract:** Although the "worlds" are different, the functioning of cosmic unity is only possible if the links between them exists and they are continuously realized or needed. In the stories of Madzhunkov, the contacts between the "worlds" always have the special sign of holiness,at the same time, a sign of marginality and danger. Moving and erasing the boundary lines entails a series of repercussions. Therefore, it is guarded, and at times when it is disturbed, its renewal begins. This author remains on the line of the fantastic story with the effect of a surprise at the end of the story. Stories are based on paradoxicality, which intensifies the unexpected shock effect.
**Keywords:** land, threshold, decedent, resurrection

# ГРАНИЦАТА ПОМЕЃУ ЖИВОТОТ И СМРТТА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА И ВО РАСКАЗИТЕ НА МИТКО МАЏУНКОВ

**Славица Урумова-Марковска**
Институт за национална историја, Скопје, Македонија, slavicaurumovamarkovska@yahoo.com

**Резиме:** Иако „световите“ се различни, сепак функционирањето на космичкото единство, е возможно само доколку врските помеѓу нив постојат и се реализираат континуирано или по потреба.Во расказите на Маџунков контактите меѓу „световите“ секогаш го имаат посебниот предзнак на светост, истовремено и на маргиналност и опасност. Поместувањето, бришењето на меѓата, граничните линии повлекува низа реперкусии. Поради тоа, таа се чува, а во моменти кога е нарушена, се пристапува кон нејзино обновување. Овој автор останува на линијата на фантастичниот расказ со остварувањето на ефектот во облик на изненадување на крајот на расказот. Расказите се базираат на парадоксалност, која го засилува неочекуваниот ефект на шок.
Клучни зборови: земја, праг, покојник, воскресение

## 1. ВОВЕД

Миграцијата, интеркултурата и номадизмот неодминливо се судираат со поимот на границата, таа географска, политичка, етичка или имагинарна линија што разделува, што доближува, што сведочи за разликите и упатува на другоста. Во тој склоп гранични простори се вбројуваат: прагот, вратата, прозорецот, меѓата, синорот, реката, езерото итн. На границата ги носиме сите наши стереотипи, предрасуди, стравувања и фобии. Вообичаено, внатре, во границите е она нашето, познато, сигурно, и безбедно место; надвор од границите демне непознатото, несигурноста, неизвесноста. Прочитана брутално, традиционално и хегемонски, границата означува две, раскин и поделба. Прочитана од аспект на мигрантот и во рамки на миграциската естетика, границата означува предизвик, линија за преминување, пречка која треба да се совлада.

## 2. ЗЕМЈАТА КАКО ГРАНИЦА

*Земјата* според македонската народна Библија[66], создадена е од Господ кога ја собрал водата под небото и ги создал морињата: *„и сувото Бог го нарече земја.“* На третиот ден на земјата изникнале трева и разни семиња, но и дрво кое раѓало плодови, па оттаму таа се смета за извор на животот, т.е. хранителка. Таа е основната материја што се користи при создавањето на Човекот[67], поточно на неговото тело.[68] Таквите

[66] Види: Танас Вражиновски. *Македонската народна библија.* Скопје: Матица Македонска 2000.
[67] Човекот, како ентитет, има две основни составни компоненти: физичка и духовна. Физичката, во основа, го подразбира телото и сите негови составни делови, а духовната – душата. Оттука произлегува првиот

претстави за неа придонесуваат Земјата да се чувствува како Велика Божица Мајка-прародителка и другите кон неа да се однесуваат со голема почит.[69] Врз основа на согледувањата од етнографските и од фолклорните материјали поврзани со претставите за Земјата може да се заклучи дека Земјата е составена од три составки, три земји, или три нивоа - трипартитна, хоризонтално поставена во однос на вселената т.е. наспрема Небото и Подземјето. Согласно македонските народни верувања постојат три земји: *Долна*[70], *Средна*[71] и *Горна*[72] *земја*. Над Средната земја се протега Горната земја, а одоздола е Долната земја, со што се укажува на постоење претстави на три космички света или нивоа. Човековата, нашата или онаа што ние најдобро ја познаваме, е Средната Земја, потоа Земјата што се наоѓа под нас е Долна Земја, а Земјата над нас е Горна Земја. Душата, по смртта на човекот сесели во Горната земја, додека телото се закопува во Долната, па оттаму: *„Долу луѓе, горе луѓе – ние среде"* или *„Значи човекот се раѓа, земјата го рани – земјата го јади."*[73]

Во создавањето на граници важна или можеби најзначајна улога има процесот на омеѓување на просторот што се смета за освоен, определен и што има свој центар. Границите го разделуваат освоеното од неосвоеното.[74] Чувството за „сопствен", „свој" дом го обзема во расказот „Гробница": *„Се покажува дека гробницата веќе е продадена и дека во неа е погребан еден поет кој убедливо и навидум мирно прикажува дека жена му лично ја проектирала гробницата... внатре има место и за друга, но тој е упорен во своето тврдење дека гробницата е негова, само негова.*[75]*"*

Современата културолошка теорија веќе не ја гледа границата како раскин и поделба. Границата треба или да се избрише, да се игнорира, или од неа да се направи придобивка, квалитет на нашето живеење.[76] Симболиката на границата доминира кај Маџунков. Светот е поделен на видлив и невидлив, познат и непознат. Треба да се пречекори границата за да се стапи во акција т.е. да се одигра фантастичниот настан. Границата е остра и од еден веднаш се стапува во друг простор без никаква претходна подготовка. Тоа патување во времето и просторот покажува дека не е можно враќање во светот на стабилноста, авторот останува фатен во сопствена мрежа и мора да биде казнет за желбата по нови сознанија.

---

митски код **тело:душа**. Љупчо С.Ристески. *Категориите простор и време во народната култура на Македонците.* Скопје: Матица 2005, 83.

[68] Види: С.Ристески. *Категориите*, 82.

[69] Весна Мојсова-Чепишевска. *Лицето на зборовите.* Скопје: Култура 2004, 89.

[70]Долната земја е атрибут на она што е од *„оној"* свет, светот на умрените предци и на многубројни демонски суштества, каде што владее вечен мрак. Види: С.Ристески. *Категориите*, 269.

[71] Средната земја е доделена на луѓето, па затоа на средината на телата мажите носат ремени, а жените појаси. Животот и активностите на луѓето и сè што се случува во Средната земја е проекција на Божјиот Свет. Види: С.Ристески. *Категориите*, 265.

[72] Основниот атрибут на Горната земја е бесмртноста. Горната земја е Небесното Царство каде што живеат Бог, други 30 божества, но и душите на умрените. Таа се наоѓа на небото или зад него, па оттаму е паралелна со Подземното Царство, кое е во Долната земја. Види: С.Ристески. *Категориите*, 275.

[73] Види: Танас Вражиновски. *Народна традиција, религија, култура.* Скопје, Мелбурн: Матица македонска, 1999, 130-132, 404-405. И Лидија Ковачева. Погребни обичаи и верувања во Македонската народна традиција (Проверено 17.04.2018) https://www.academia.edu/15817957/%D0%9F%D0%9E%D0%93%D0%A0%D0%95%D0%91%D0%9D%D0%98_%D0%9E%D0%91%D0%98%D0%A7%D0%90%D0%98_%D0%98_%D0%92%D0%95%D0%A0%D0%A3%D0%92%D0%90%D0%8A%D0%90_%D0%92%D0%9E_%D0%9C%D0%90%D0%9A%D0%95%D0%94%D0%9E%D0%9D%D0%A1%D0%9A%D0%90%D0%A2%D0%90_%D0%9D%D0%90%D0%A0%D0%9E%D0%94%D0%9D%D0%90_%D0%A2%D0%A0%D0%90%D0%94%D0%98%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90_-_%D0%A6%D0%94

[74] С.Ристески. *Категориите*, 117.

[75] Маџунков. *Меѓата*, 210.

[76]Анастасија Ѓурчинова. „Поимот на границата во миграциската естетика" во *XXXIV Научна конференција на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 13.-30. VIII 2007).* –Скопје: *Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје*, 2008, 231.

**3. ЗАДГРОБЕН ЖИВОТ**

Темата за **долниот свет** е обемна; затоа ќе се задржам само на некои прашања. Изразот „долен свет“ не е пригоден, бидејќи по него би требало да се заклучи дека царството на мртвите треба да се бара секогаш под земјата, и веќе со самото тоа што е под земја, во вечен мрак, тој свет би бил мрачен и страшен. Изразот „друг свет“, или еуфемистички, „оној свет“, попотполн е, но незгодно во него е тоа што под него обично се замислува христијанскиот друг свет, пеколот и рајот кој ги претставува црквата. Тој „долен свет“ во народната фантазија замислена е на различни места – некои пат на небото, некои пат на морското дно, или на некој остров, но најчесто под земја. Во тој „друг свет“ владее, главно, тага и неодоливиот копнеж за изгубениот живот.[77]

Во расказот „Циркус“ Маџунков сака да влезе во циркусот, во свет во кој влегуваат само луѓе во костими и маски од минатите времиња. Но, чуварот со неговата жена и ќерка не го пуштаат. Тој подоцна, следејќи го нивното куче ќе пронајде една дупка преку која влегува во циркусот, поминувајќи низ една карпа, но не можејќи да се врати назад. Распоредот на циркусот е во Хофмановски стил, а претставата ја одигруваат токму чуварот и неговата ќерка чија глава откако ќе ѝ биде исечена со ножица, паѓа во оставената кофа. Луѓето со старите и гламурозни маски, се истите тие, вистинските, историски личности. Авторот заклучува, дека барајќи го својот раскош го наоѓа само својот сопствен гроб. Ова е една од главните мисли во расказот, па преку неа, содржината се пренесува врз меѓите на една симболика во која нараторот е заробен со останатите нимфомани, владетели и мршојади. *Зар е можно дека, барајќи раскош, го најдов својот сопствен гроб?* – се прашува главниот лик, напишан во поовски манир.

Првите гробови настанале со закопувањето на мртвите во блиските полиња и шуми покрај населбите, а гробовите биле означувани најчесто со камени споменици, но и со дрвени стапови или висока могила од земја (курган). Мртвите понекогаш биле спалувани, а нивната пепел се спуштала во гробот, без урна. Во гробовите често се наоѓало и оружје и други работи кои укажувале на тоа дека гробот е нов „дом“ за умрениот. Како посмртна жртва за покојникот понекогаш го прателе неговиот коњ, куче или сокол, а наместо надгробен споменик во земјата било забодено оружје, посебно во случај на загинатите во бој.[78] Во расказот „Гробница“ Маџунков се обидува да даде една слика на *земните гробови, крај кои растат диви јаболкници и ореви и бадеми.* Според него „*постојат три вида гробови: едните се полни, вторите, готови а празни, додека третите ни не постоеја: тие беа само обична земја која еден ден ќе биде ископана.*“[79] Тој не е заинтересиран за купување место во гробницата, не сака бадијала да даде пари, бидејќи не е сигурен дали ќе го пикнат во некое грне, „*како заробен дух, и остават во немливото ќоше*“[80].

**4. ХРОНОТОП НА ПРАГОТ**

Може да се зборува во расказот „Циркус“ и од аспект на хронотоп на „прагот“, бидејќи просторот е поделен на свет на циркусот (внатрешен свет) и надворешен свет. Првиот дел од просторот, шаторот – слика на куќа која носи безбедност и стабилност; наспроти вториот дел на просторот - надворешноста кој е непријателски, необичен и нестварен свет. Циркусот тука е стапица. Овој расказ е еден вид алегориска фантастика.

*Прагот* ја претставува границата помеѓу двата различни света, секогаш поставени опозициски – светот на своите и светот на другите, помеѓу своето и туѓото.[81] „Праг“ е граничниот простор меѓу световите, „овој“ на културата, олицетворен во домот и „оној“ на природата, претставен преку дворот. Положбата на прагот како граница не значи дека таа не може да се премости помеѓу овие два света. Согласно со дејноста што ја има како граничен и свет простор, за него се врзуваат многу обреди од секојдневниот живот на луѓето – од раѓањето, преку свадбата, до смртта. Обредното дејствување овозможува преминување на луѓето од еден во друг свет. Почитувајќи ги овие обичаи, луѓето пазеле да не се седи и да не се јаде на него, но и ништо да не се подава преку него за да останат среќата и бериќетот во домот.

Прагот како јасно определен маѓесник, се јавува во расказот „Мирисот на земјата“: „*Само што го пречекори прагот, Јоја со вешто, извежбано движење го извади од прстот прстенот – печатник, голем*

[77] Веселин Чајкановић. *Мит и религија и Срба.* Београд: Српска књижевна задруга 1973, 42.
[78] Ненад Гајић. *Словенска митологија.* Београд: Лагуна 2011, 79.
[79] Маџунков. *Меѓата*, 209.
[80] Маџунков. *Меѓата*, 209.
[81] С.Ристески. *Категориите*, 138.

*како јајце од гуска, и го мушна во џебот од елекот*“[82]. Кружната симболика го прави прстенот да биде амблем на завршеноста, на силата и заштитата, вечноста. Најстарите до денес зачувани прстени служеле или како лични печати, или како амајлии.[83] Вадењето на прстенот *печатник* за главниот лик, Јоја, несомнено укажува на отвореноста кон идни градителски авантури во зацртаната насока. *„Мислиш... па рацете сами работат. Одлично си ја знаат работата. Веќе педесет години... И кога ќе заспијам, работат. И кога ќе умрам, мутлак и тогаш ќе работат.“* Мацунков тука е свесен за монотоното секојдневие кое го обзема, но и за своите занаетчиски способности и градителските пориви. Имено тој секојдневно има една те иста работа – ја меша иловицата со песок, налева вода и полека ја меси глината, додека мајсторот Миле ја става основата на печката, ја врзува со жици за подоцна да ја лепи со глина. Печката се јавува како симбол на духовните искушенија[84] на авторот, го потпомогнува неговото духовно очистување и обновување. Алудирајќи на социјалниот елемент (парите!) Јоја знае дека мора да го прескокне јазот и да го усклади чекорот со другите мајстори. Тој е полн со самодоверба секогаш кога е со него прстенот *печатник, кој во овој текст има магиска функција: „Јоја се фати за џебот од елекот, со брзо движење го извади големиот прстен и го врати назад на прстот.*[85]“

**5. ЗА ОБИЧАИТЕ ПРИ ПОГРЕБУВАЊЕ НА ПОКОЈНИКОТ**

Во расказот „Воскресение“ кај Мацунков даден е краток осврт на погребот на дедо Аристид во која се забележува стандардната практика на посмртните обичаи[86], се ползува од страна на неговите блиски: *„Зарем не се сеќавате како го уредивме батко Аристиде?... Добро приспомнете си како го облековме! Лежеше на одарот*[87]*, голем и убав, како да спие, и сите плачевме. И тогаш стана. Ние го жалевме, а тој бил жив!... Дедо ми не се разбуди, тој воскресна!”*[88] За овој обичај во македонската народна традиција се навраќаме до обичајот на положување на смртникот на земја, обичај што бил присутен на македонската почва сè до 30-те години од минатиот век, кога покојниците ги „положувале” на земја, т.е. одарот се правел директно на земја, според народните верувања дека ќе добие прошка од земјата, ќе се ослободи од гревовите, полесно ќе умре и душата полесно ќе замине во земјата. Денес одарот се прави врз една од домашните маси врз која еднoподруго се става рогозина, черга или килим и на крајот се прекрива со чаршаф. Во македонската народна традиција покојникот се положува со главата кон запад, рацете му се поставуваат на градите во положба на крст, т.е. се прекрстуваат, а во дланките му се вметнува марамче и свеќа којашто треба да изгори.

Писателот храбро се нурнува во реалистичкиот дискурс во расказот „Гробница“. Тука времето веќе подолго е сопрено: се тапка во место, без ниедно практично и разумно решение. Присилен од стравот од смртта Мацунков ја користи македонската традиција и дава елегична слика на тажењето на мајката врз

---

[82] Митко Мацунков. *Убиј го зборливото куче.* Скопје: Три 2015, 178.
[83] Џек Тресидер. *Речник на симболи.* Скопје: Три, 207.
[84] Тресидер. *Речник*, 195.
[85] Мацунков. *Убиј*, 183.
[86] Обичаите за подготвувањето на починатиот пред неговото погребување (затварање очи, капење, облекување, бдеење врз телото на покојникот), како и самиот чин на погребување, извршувани од страна на семејството и најблиските, се познати уште и како *култ на мртвите.* Според Платон, кога умира некое живо суштество, всушност му умира телото, кое напуштено од душата се распаѓа. Смртта претставувала чин на издвојување на бесмртната душа од мртвото тело.
Лидија Ковачева. *Култот на мртвите во Старогрчката и во Македонската народна традиција.* http://www.kalamus.com.mk/pdf_spisanija/patrimonium_5/004%20=%20003_1%20Patrimonium%202012%20Lidija%20Kovaceva.pdf (Проверено: 17.04.2018 год.)
[87] Одарот претставува постамент изработен од штица со високи ногарки, легло во вид на трпеза, кревет (или *kline*), обложен со мртовечко платно (*stroma*). Овенчаната глава на покојникот почивала на перница (*proskephalaia*), а телото го покривале со покојничка прекривка (*epiblemata*). Покојникот бил легнат со нозете насочени налево, најверојатно кон вратата. Ковачева. *Култот.* (Проверено: 17.04.2018 год.) http://www.kalamus.com.mk/pdf_spisanija/patrimonium_5/004%20=%20003_1%20Patrimonium%202012%20Lidija%20Kovaceva.pdf
[88] Мацунков. *Чудна*, 11.

мртвото тело на своето чедо: *„Во малата лулка лежеше мртво русокосо девојче од три годинки, и изгледаше како да спие. А над него, со расплетени коси, греејќи го истинатото чедо со скршеното тело, клечеше мајката и се простуваше со своето галениче на прагот од црната дупка во која жив не се влегува, шепотејќи му ги последните нежности*"[89].

**6. КАДЕ СЕ НАОЃА „ДРУГИОТ СВЕТ"?!**

Симболиката на границата ја имаме и во расказите „Чудна средба" и „Ајкули" на Маџунков. Во овие раскази просторот е поделен на куќа – простор вон неа („Чудна средба") и копно – вода („Ајкули"). Во расказот „Ајкули" со мноштво автентични белези е втемелен односот на универзалните опасности и невротично – психолошкиот страв, реалниот момент е доведен во соодноc со ирационалната усогласеност на смртта. Тоа е општиот план на расказот. Авторот со М. е на Островот на љубовта, некаде во Егејското море, на одмор. По пат, од палубите на бродот ги гледаат делфините, но, откако ќе стигнат, ќе забележат дека капачите се бањаат во вода полна со ајкули, а и самата М. ќе побрза да се капе. Авторот не сака да го покаже својот страв и запрепастеност од таквата глетка, но, сепак, го одолговлечува своето влегување во водата. На крајот, тој не ѝ дозволува нејзе да влезе в море, „бидејќи таа тоа го сака", а тој, пак, влегува иако „тоа воопшто не го сака". Нараторот исчезнува кон морската шир, оставајќи ја запрепастена, истовремено неугодувајќи ѝ на саканата. Интересно е дека кај јунакот се формира свест за објективна опасност. Тој се наоѓа во ситуација да мора да избира помеѓу вистината која е погубна за него и ирационалната храброст со која се вклопува во општата атмосфера. Со тоа алегориската функција е темелно поставена, јунакот кој е рационален изненадува и не го избира тоа што е реално, туку ја прифаќа општата хистерија и со својот краен гест ја негира конкретната ситуација.

Постои верување дека „другиот свет" се наоѓа на некој **остров**, на кој понекогаш одат само избрани, добри луѓе, понекогаш воопшто сите покојници. За ова верување знаеле и Вавилонците, и Индијците, и класичните народи. Кај старите Словени и Германци постоел обичај мртвите да се ставаат во чамец и отиснуваат на море; или да се погребаат или спалуваат во чамец; или, да им се изгради гробот да наликува на чамец. По Карло Клемен, причината за оваквото погребање било тоа што нашите претци сакале мртовецот да го испратат на тој замислен остров каде што одат покојните. Класичните народи верувале дека на тој остров има идиличен, вечно среќен живот, и пробале да го локализираат на различните краеви во светот. Споменатото „Острово на среќните" го лоцирале некаде далеку на запад, во Океанот; исто така и Платоновата Атлантида, која ги има сите потребни карактерни црти на другиот свет. Во тие среќни острови се вбројува и Еухемеровата Панјаха, која треба да биде негде во Индискиот океан, и познатата Омирова Схерија, волшебното острово на кое живееле Феачаните, и кое често се идентификува со Крф. Во тој „друг свет" треба да ги спомeнеме и Хиперборeите, народ кој живеел „на онаа страна од северниот ветер", таму каде што нема зима, па и Кимераните, кои живееле на самата граница меѓу горниот и долниот свет; па Етиопјаните, и др.[90] За такви Острови ни зборува и Маџунков во расказите „Ајкули" и „Приказна за Серијана". Таканаречениот *Остров на љубовта* го нарекува бисер на Егејското Море, со уште седум или осум мали, камењливи, ненаселени острови, го сочинува Ајкулиниот архипелаг.[91] Додека *Пустиот Остров* го лоцира некаде на југ, преку многу морињa, од сите страни опкружен со подводни карпи кои навлегуваат длабоко во водата.[92]

**7. ЗА ВОСКРЕСЕНИЕТО**

Во збирката раскази „Чудна средба", Митко Маџунков ја нагласува целосноста и незменливоста на фантастичните елементи; во неа се јавуваат натприродни битија, опишани се без временски простор и ирационални случувања, чудните соништа се она што е главно ослободено од вообичаените законитости. За чудното раскажувачот зборува без изненадување, како што е тоа случај во расказот „Воскресение"**.** Уште во првата реченица го сретнуваме фантастичниот момент, односно *дедото Аристид пак е жив*. Тоа „пак" е невозможното, нереалното и не го раскажува со страв, а со самото тоа што авторот мртвиот го става меѓу

[89] Маџунков. *Меѓата*, 210.
[90] Веселин Чајкановић. *Мит и религија и Срба.* Београд: Српска књижевна задруга 1973, 42.
[91] Митко Маџунков. *Чудна средба.* Скопје:АЕА Мисла 2010, 18.
[92] Маџунков. *Чудна*, 41.

живите на самиот почеток, тој отстапува од вообичаената шема на градење на дејствието и напнатоста во фантастиката, што не значи дека сето тоа е за сметка на фантастичниот момент во дискурсот. Границата помеѓу животот и смртта е навистина избришана, па затоа прибегнува кон психолошките пресврти ненадејно дополнувајќи ги судбините на јунаците со неочекувана ситуациона доизградба. Авторот на крајот утврдува дека, всушност, неговиот дедо воскреснал. Со темата на отсутно – присутните во животот и во сонот, добиваме една заокружена рамка која го имулсира токму артистичкиот момент.

Традиционалниот светоглед се усогласил со христијанската филозофија, која од своја страна ги адаптирала таканаречените пагански обреди, па дури и во литургијата на некои црковни празници. Според тоа, низ долги векови се оформувал овој европски посебен синкретизам на светогледот, во кој раѓањето на природата, зависноста на животот и смртта, сојузот на овој и **оној** свет ја доизградиле потпората на христијанскиот мит за воскреснувањето.[93]

Денот на Христовото воскресение Велигден, не е само најголемиот туку и најстар христијански празник што се празнува од вториот век. За времетраење на овој празник во македонската народна традиција постојат одредени верувања и обичаи. Согласно македонските верувања, Божик и Велигден се двајца браќа; првиот е постар и поскромен, а вториот помлад. Божик како постар е домаќин и гледа секогаш трпезата да биде полна со разновидна храна и на неа да има цело прасе, додека пак Велигден, поради својата младост, гледа убаво да биде облечен и да излезе на оро. Оттаму меѓу македонскиот народ останал обичајот на Велигден да бидат облечени во ново руво.[94] Вакво празнично расположение го обзема Мацунков во расказот „Воскресение": *„Беше тоа спроти Велигден. Веќе подолго време деновите минуваа во чудно расположение. Баба ми се готвеше за празникот, како и секоја година, иако нешто поскромно, зашто тоа беше првиот Велигден што ќе го поминеме без дедо ми."* Посебен акцент е даден на облекувањето на бабата во ново руво, но и нејзиното жалење за мртвиот сопруг: *„Со мене беше и баба ми, сета во црно, раскошна и уредена. На главата имаше мал, црн шешир со свилени рабови. Лицето ѝ беше сериозно и мирно: необично потсетуваше на лицата на жените од старите грчки стели, за кои, велат, човек не знае дали се потажни или поведри."*, а свечено е облечен и воскреснатиот дедо *„На себе имаше елегантен кафен костум, кој многу убаво му прилегаше. Каскетот му стоеше безгрижно накривен, и еден прамен од косата му паѓаше преку левата слепоочница."*[95]

**8. ПОМЕН И СЕЌАВАЊА НА ПОКОЈНИКОТ**

Во македонската народна традиција *помени на умрените* се исползуваат од моментот на умирање: на денот на погребот, на третиот, седмиот, деветтиот, потоа на четириесеттиот ден, на 3-от, 6-от и 9-от месец, како и на првата и третата годишнина од упокоението. Поменот во расказот „Воскресение" се одвива околу една година по смртта на дедо Аристид. Според македонските народни верувања, сите овие помени треба да ја обезбедат фазата на успешно преминување на покојникот на „оној*"* свет. На гробиштата се раздава храна за душата на покојникот, но според македонските народни верувања, приготвеното јадење секогаш се давало преку гробот и тоа во име на покојникот. Раздавањето преку гробот е сè до годината, кога според македонските народни верувања, покојникот конечно се вклучува во заедницата на покојните предци, на кои повеќе не мора да им се принесува храна на таков начин.

Во расказот „Воскресение", Мацунков честопати се обидува да ги надмине границите на прозната структура. Раскажувајќи за настан кој реално тешко се објаснува (воскресението на оддамна починатиот дедо) како за нешто што може да се сфати и како сон, и како навестување на натприродното во секојдневното, Мацунков неочекувано го завршува расказот со симнување во привидна баналност. Ова сеќавање на тоа како дедото на лето задолжително носел лубеници, од една страна, ги лишува случувањата во расказот од реалистичко објаснување: не е веројатна претпоставката дека дедото бил само привидно мртов, зашто, да бил всушност жив-дедото ќе носел на лето лубеници. Од друга страна „баналноста" му прибавува на расказот за нестварното димензија на посебна убедливост – под сите реквизити на фантастичниот расказ почнува да проблеснува сосема стварната и разбирлива меланхолија и копнеж по

[93] Танас Вражиновски. *Македонската народна религија.* Скопје: Силсонс 2015, 233.
[94] Л.Квачева, Л.Боцева. *Речник на македонските народни празници, обичаи и верувања.* Скопје: Центар за културно и духовно наследство 2014, 83.
[95] Мацунков. *Чудна*, 7-8.

детството, минатото. И детството како и сонот го овозможува пристапот до сферите на надреалното. Оваа тема претставува тенденција светот да се гледа низ „лупата на детските очи“. Детството е можност да му се пријде на секојдневието од еден друг агол.[96] Детскиот став придонесува, неоптоварено со искуството и навиките, слободно да се гледа на ситуацијата: *„Тогаш јас, ни самиот не знаејќи што правам, прекинувајќи ја роднината реков: Дедо ми не се разбуди, тој воскресна!“*[97]. Затоа во овој расказ предност му се дава на детскиот свет и помалку натегнато склопените случувања да се јават како чист поетски рефлекс на едноставните „човечки нешта“.

## 9. ЗАКЛУЧОК

Самата граница станува сè поинтересна во расказите на Мацунков. Ползувајќи ја македонската народна традиција за Митко таа цврста демаркациска линија станува сè поширока, сè полабава, станува доволно широк простор за нови искустава и активности. Трудот има споредбен карактер. Од еден привремен, недефиниран меѓупростор, (кој тој го нарекува „Меѓата на светот“ и по него ја насловува својата книга со кратки прози) расказите на Мацунков стануваат поле на возбудливи средби, збогатени со народниот дух, обичаи, верувања, преобразби и трансформации.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Весна Мојсова-Чепишевска. *Лицето на зборовите.* Скопје: Култура 2004, 135.
[2] Вражиновски, Танас. *Македонската народна библија.* Скопје: Матица Македонска 2000.
[3] Вражиновски, Танас. *Народна традиција, религија, култура.* Скопје, Мелбурн: Матица македонска, 1999, 130-132, 404-405.
[4] Ѓурчинова, Анастасија. „Поимот на границата во миграциската естетика“ во *XXXIV Научна конференција на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 13.-30. VIII 2007).* –Скопје: *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје*, 2008, 231.
[5] Л.Квачева, Л.Боцева. *Речник на македонските народни празници, обичаи и верувања.* Скопје: Центар за културно и духовно наследство 2014, 83.
[6] Мацунков, Митко. *Меѓата на светот.* Скопје: Три 2016, 177.
[7] Митко Мацунков. *Чудна средба.* Скопје:АЕА Мисла 2010, 18.
[8] Ненад Гајић. *Словенска митологија.* Београд: Лагуна 2011, 79
[9] С.Ристески, Љупчо. *Категориите простор и време во народната култура на Македонците.* Скопје: Матица 2005, 83.
[10] Танас Вражиновски. *Македонската народна религија.* Скопје: Силсонс 2015, 233.
[11] Тресидер, Џек. *Речник на симболи.* Скопје: Три, 207.
[12] Чајкановић, Веселин. *Мит и религија и Срба.* Београд: Српска књижевна задруга 1973, 42.

[96] Весна Мојсова-Чепишевска. *Лицето на зборовите.* Скопје: Култура 2004, 135.
[97] Мацунков. *Чудна*, 11.